# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО


| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 2** **год. 25** |


**Општина Чучер - Сандево, Март 2022 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **вторник** | **Бр. 2** |
| **по потреба** | **01 март 2022 година** | **Год. 25** |


# 6.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2021 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за измена на одлука за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2022 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 феруари 2022** година.

**Бр.09-289/1**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 244/19, 77/21 и 150/21), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 14/20 и 212/21), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно–поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20) и член 23 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **8-та** седницата одржана на **28.02.2022** година, донесе

## О Д Л У К А

**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2022 година, бр.08-1341/5 од 29.12.2022 година, („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.18/2021), во воведот по бројот "167/16" се додаваат зборовите: „ и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21)".

**Член 2**

Во членот 6 став 4 зборот "наемнини" се брише.

**Член 3**

Во членот 14 став 1 зборовите "404150 – Други надоместоци" се заменува со зборовите "404110 – Надоместок за годишен одмор" .

**Член 4**

Членот 14 став 2 се менува и гласи: "Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000 денари нето, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот".

**Член 5**

Во членот 15 зборовите "404150 – Други надоместоци" се заменува со зборовите "464990 – Други трансфери" .

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-234/3**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 7.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕНО ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ, НА КП 3010 КО МИРКОВЦИ**

Се објавува **Одлука за донесување на идна урбанистчко планска документација со која која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправено изграден објект, на КП 3010 КО Мирковци**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/2**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.весник на РМ“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и “Службен весник на РСМ” бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14 и 64/15), Советот на Општина Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕНО ИЗГРАДЕН ОБЈЕКТ, НА КП 3010 КО МИРКОВЦИ

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект УП 1 бр.**11-200/2018** од **29.03.2018** година, за објецт со намена **А1-1** на КП **3010** КО **Мирковци**, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека **може** да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти, согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација .

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-234/4**
**25.02.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Сања Белинска с.р.**

# 8.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 6244, КП 6243/3 и КП 6276/2 КО КУЧЕВИШТЕ-ВОНГРАД

Се објавува **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 6244, КП 6243/3 и КП 6276/2 КО Кучевиште-вонград**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/3**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и “Службен весник на РСМ” бр.174/21) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 6244, КП 6243/3 и КП 6276/2 КО КУЧЕВИШТЕ-ВОНГРАД

### Член 1

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр.11-729 од 21.12.2018 година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за бесправниот објект, А1-1 стамбени куќи со дворови-самостојни, кој е изграден на КП 6244, КП 6243/3 и КП 6276/2 КО Кучевште-вонград.

Според Општиот акт за с.Кучевиште, КП **6244** и КП **6243/3 КО Кучевиште-вонград** на кои е изграден дел од објектот е со намена **Г -** производство, дистрибуција и сервиси, а **КП 6276/2 КО Кучевште-вонград** на кој е изграден дел од објектот (30м$^2$) е со намена **Е**-инфраструктура.

### Член 2

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-234/5**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 9.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3714 и КП 3708/1 КО МИРКОВЦИ**

Се објавува **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3714 и КП 3708/1 КО Мирковци**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/4**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Службен весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и “Службен весник на РСМ” бр.174/21) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3714 И КП 3708/1 КО МИРКОВЦИ**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објецт УП 1 број **09-2109** од **29.08.2011** година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за утврдување на правен статус на бесправниот објект, **А1-1**, кој е изграден КП **1253/2**, КП **3714** и КП **3708/1** КО **Мирковци**.

Согласно Општиот акт за **с.Мирковци**, КП **1253/2** КО **Мирковци** е со намена **А-домување,** а КП **3714** и КП **3708/1** КО **Мирковци** се со намена **Е -** комунална инфраструктура.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-234/6**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 10.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3691/6 КО МИРКОВЦИ

Се објавува **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3691/6 КО Мирковци**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/5**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНИТЕ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ ИЗГРАДЕН НА КП 3691/6 КО МИРКОВЦИ

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект УП 1 бр.**11-8** од **08.01.2016** година, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежното земјиште за утврдување нап равен статус на бесправниот објект, **А4-3 викенд куќи**, кој е изграден на КП **3691/6 КО Мирковци**.

Согласно Општиот акт за **с.Мирковци**, КП **3691/6 КО Мирковци** е со намена **Г -** производство, дистрибуција и сервиси.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-234/7**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 11.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2022/2023 НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува **Одлука за донесување на програма за работа 2022/2023 на јавна општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево** , што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/6**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службвен весник на Р.М." бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службвен весник на Р.С.М." 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20),

Советот на Општина Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2022/2023 НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе Годишната програма за работа на 2022/2023 на јавната општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево, бр.02-4/1 од 21.02.2022 година.

2. Овој Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-234/8**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 12.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува **Одлука за утврдување на работно време на јавна општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/7**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со член 67 став (6) од Законот за заштита на децата ("Служвен весник на Р.М." бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Служвен весник на Р.С.М." 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на јавната општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Работното време во ЈОУДГ "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево почнува во 06:00 часот, а завршува во 18:00 часот.

**Член 3**

Овој Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-234/9**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 13.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за дополна на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на општина Чучер-Сандево за 2022 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **8-та** седницата, одржана на **28 февруари 2022** година.

**Бр.09-289/8**
**01.03.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 14 став 4 од Законот на јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21 ) и член 5 став 1 точка 6 и 8 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и "Службен веник на РСМ" бр.302/20), Советот на општина Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **28.02.2022** година, донесе

# ПРОГРАМА

**ЗА ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши дополна на Програмата за изградба, рекострукција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на општина Чучер-сандево за 2022 година на тој начин што во глава **IV.ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ** по подточка 1.8.7. се додаваат нови подточка 1.9. и 1.10. гласиат:

“1.9. улица од влезот во село Горно Блаце до ПОУ “Михаљ Грамено
1.10. улица од влезот во с.Танушевци до раскрсницата на патот за Одоларска и Кључка Маала“
1.11. улица 4 во Долно Блаце.

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-234/10**
**28.02.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

стр

**6.** **Одлука за измена на одлука за извршување на Буџетот на општина Чучер-Сандево за 2022 ...................................................................... 1**

**7.** **Одлука за донесување на идна урбанистчко планска документација со која која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправено изграден објект, на КП 3010 КО Мирковци ............................................................................................ 3**

**8.** **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 6244, КП 6243/3 и КП 6276/2 КО Кучевиште-вонград ......................... 4**

**9.** **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3714 и КП 3708/1 КО Мирковци ............................................................................................ 5**

**10.** **Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за вклопување на бесправен објект изграден на КП 3691/6 КО Мирковци ......................... 6**

**11.** **Одлука за донесување на програма за работа 2022/2023 на јавна општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево ........................... 7**

**12.** **Одлука за утврдување на работно време на јавна општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, општина Чучер-Сандево ........................... 8**

**13.** **Програма за дополна на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта на подрачјето на општина Чучер-Сандево за 2022 година .......... 9**